СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# АЦО ВЕЛКОВСКИ

за Лозово



СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!



„ЛОЗОВО ДА БИДЕ ОПШТИНА СО МОДЕРНА ИНФРАСТРУКТУРА, СИЛНА ПОДДРШКА ЗА МЛАДИТЕ И ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ, ЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ФУНКЦИОНАЛНИ ЈАВНИ УСЛУГИ“

**Почитувани сограѓани!**

Во 2017 година ми ја доверивте честа да ја водам општината. За мене тоа не беше позиција, туку обврска – да работам чесно, домаќински и со целосна посветеност кон секој од вас. Заедно создававме промени, не само инфраструктурни, туку и во односот меѓу институциите и граѓаните.

Во последниот мандат не ја водев општината, но никогаш не се оддалечив од вас. Бев тука присутен, ангажиран и секогаш отворен за соработка. Токму затоа, денес, кога сѐ погласно ја чувствувам вашата поддршка и желба за вистинско лидерство, решив да застанам пред вас – не за нов почеток, туку за силно продолжение.

Се кандидирам со јасна визија Лозово да биде општина со модерна инфраструктура, силна поддршка за младите и земјоделците, чиста животна средина и функционални јавни услуги. Ќе изградиме локална самоуправа што ќе работи отворено, блиску до граѓаните и далеку од партиските калкулации.

Верувам во Лозово. Верувам во вас. Повторно ја барам довербата со сето мое знаење и искуство и подготвеност да служам за создавање иднина достојна за сите.

Со почит,

**Ацо Велковски**

Кандидат за градоначалник на Општина Лозово

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Лозово

Ние, кандидатите за општинскиот Совет, ви се обраќаме вам – нашите соседи и сограѓани. Веруваме дека нашата општина треба да биде пристојно место за живеење. Целосно ја поддржуваме кандидатурата на Ацо Велковски, кој заедно со вас ќе ја смени сликата на општината.
Се залагаме за подобар живот, побезбедни улици, поддршка за мали бизниси и почиста околина. Нудиме чесна и транспарентна работа и соработка со сите. Со вашата поддршка, гласот на граѓаните ќе биде гласно слушнат во Советот. Заедно за поубава општина!

1. Тамара Иванова, апсолвент - сообраќаен инженер, СДСМ
2. Снежана Бојкова, шеф на кујна, СДСМ
3. Орце Велков, маркетинг-оператор, СДСМ
4. Маја Петкова, сервис во градинка,  СДСМ
5. Дејан Стоименов, агроном, СДСМ
6. Маријан Ангелов, угостител, СДСМ
7. Маријан Ваневски, МРТВ, СДСМ
8. Наташа Блажева, оператор на машини, СДСМ
9. Александар Јакимовски, виш советник, СДСМ

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Нова детска градинка
- Нова спортска сала
- Нов културен дом
- Општинска зграда со парк
- Фасада на ООУ „М. М. Брицо“
- Канализација во с. Сарамзалино
- Канализација во урб. блок 9, Лозово
- Водовод во урб. блок 9, Лозово
- Водовод со бунар и базен – Каратманово
- Асфалтиран пат Милино – Каратманово (3,8 км)
- Асфалтирани 45 улици
- Тампонирани 9 улици
- За ЈКП „Лозово“ (200.000 €):
  - багер
  - камион-цистерна
  - трактор со приклучоци
  - мини багер
- Контејнери од 120 л за секое семејство
- Реконструкција на амбулантата во Лозово
- Парк кај црквата „Св. Ѓорѓија“ – Гуземелци
- Асфалтиран пат Гуземелци – Св. Николе (фаза 1)
- Канализација – Гуземелци
- Фабрика за сточна храна – Ново Село
- Биогасна централа – Сарамзалино

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

- Изградба на бензинска пумпа на влезот од Лозово
- Поставување хидрантни места за потребите на противпожарната служба
- Изградба на отворен пливачки базен
- Нова водоводна примарна и секундарна мрежа во Лозово
- Трибина на повеќенаменските спортски игралишта
- Изградба на мини фудбалски терени
- Пречистителна станица за пивка вода – проект „Злетовица"
- Ловни објекти за рекреативен и спортски лов
- Реализација на проект „Медена земја"
- Субвенција за набавка на печки на пелети
- Бесплатен енергетски советник за граѓаните
- Субвенции за енергетски ефикасна опрема
- Целосна реконструкција на ООУ „М. М. Брицо"
- Изградба на градски плацови за домување



- Изградба на фитнес-зона на отворено
- Реконструкција на пат Лозово – Милино
- Бесплатен интернет во градскиот парк
- Обезбедување бесплатен интернет за жителите
- Бесплатен интернет-клуб за младите
- Нови простории за противпожарната служба

# МОЈАТА ВИЗИЈА



- **Зошто повторно се кандидирате? Што е мотивот?**

Се кандидирам повторно затоа што верувам во Лозово, во неговите луѓе и во капацитетот оваа општина да биде повеќе од тоа што е денес. Знам дека можеме подобро – и тоа не се зборови, туку чувство на должност.

Граѓаните ми ја дадоа довербата еднаш, и тогаш заедно покажавме дека кога има чесно водство, има и резултати. Мојата мотивација не е позицијата – туку промената што заедно можеме да ја донесеме.

- **Колку е важно да се има визија за општината, за нејзино подобро функционирање и развој? Дали во тој контекст е потребна и визија за општеството во целина?**

Без визија, нема насока. Општината не е само техничка служба – таа е срцето на локалната демократија. Неопходно е да имаме јасна и долгорочна визија: како сакаме да живееме, како да се развиваме и каде сакаме да стигнеме како заедница.

Визијата мора да биде опфатна – да не гледа само до границите на општината, туку и до општеството што го градиме, со повеќе правда, солидарност, еколошка свест и еднакви шанси за сите.

- **Што мора да се направи во следниот мандат? Дали се доволни само инфраструктурни проекти?**

Не, инфраструктурата е основа, но не е доволна. Следниот мандат мора да донесе и човечка трансформација. Ни треба нов пристап кон младите, родителите, пензионерите и жените. Потребни се програми за вработување, едукација, здравје и култура. Општината мора да стане простор за живот, а не само за асфалт. Промената ќе биде реална тогаш кога граѓаните ќе се почувствуваат слушнати и вклучени.

- **Колку се важни младите за нашата општина?**

Младите се нашата најголема сила, но и најголема одговорност. Без млади, нема иднина. Ќе работиме на отворање можности

за млади бизниси, волонтерски програми, дигитални центри, спортски клубови и простори за култура и активизам. Најважно – ќе им покажеме дека нивниот глас вреди.

- **Како гледате на безбедноста на граѓаните? Кои се проблемите и како може да се решаваат?**

Безбедноста не е само полицијата – тоа е и чувството дека си заштитен дома и надвор. Ќе соработуваме со МВР и училиштата за превенција, ќе ги осветлиме улиците и ќе поставиме видеонадзор на клучни места. Но ќе работиме и на социјалната безбедност – затоа што луѓето не треба да се плашат ниту од криминал ниту од сиромаштија.

- **Дали планирањето на просторот и мобилноста се клуч за развој и квалитетно живеење?**

Апсолутно. Без урбанистичка визија, имаме хаос. Ќе донесеме јасни планови со зелени површини, пешачки зони, патеки за велосипеди, достапен јавен превоз и безбеден пристап до сите институции.

Општината мора да стане удобна за живеење, особено за децата, постарите лица и лицата со попреченост.

- **Загаденоста, дивите депонии и јавната чистота – што ќе преземете?**

Ќе воведеме систем за екоселекција на отпад, ќе се исчистат запуштените локации, ќе има екоедукација во училиштата и акции со заедницата. Ќе се отстранат сите диви депонии и ќе се спречат нови. Ќе засадиме повеќе дрвја и ќе го зајакнеме инспекцискиот надзор. Чистото опкружување не е луксуз – тоа е основно право.

- **Довербата во системот е слаба. Како ќе ја вратите?**

Со искреност и отвореност. Секоја одлука, тендер и буџет ќе биде јавен. Ќе има алатки за директна комуникација со градоначалникот, јавни седници и транспарентни услуги. Ќе воведеме електронски систем за пријави и увид во работењето. Граѓаните мора да знаат што се случува – и зошто.

- **Иселувањето и наталитетот – имаме ли иднина без луѓе?**

Не, немаме. Но имаме шанса да ја вратиме иднината ако создадеме услови луѓето да останат. Тоа значи работа, домување, квалитетно образование, безбедност и културен живот. Ќе вложуваме во млади семејства, ќе стимулираме повратници и ќе покажеме дека Лозово е место каде што вреди да се живее.

- **Зошто граѓаните да ви дадат доверба? Што ве издвојува од другите?**

Јас не ветувам чуда – но ветувам работа, чесност и постојано присуство. Секогаш сум бил на терен, достапен и со народот. Она што ме издвојува е тоа што не се кријам кога е тешко, туку тогаш работам најмногу. Мојата докажана работа ме издвојува од сегашниот градоначалник, кој не успеа да го одржува она што го изградивме. Разликата веќе ја направија граѓаните – и таа е неспоредлива.

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

Нашата визија за развој на Лозово е насочена кон унапредување на квалитетот на животот за сите – млади, жени, пензионери, земјоделци и маргинализирани групи. Со конкретни чекори во следниве области:

- **Животна средина и еколошка свест:**
  - Санација и спречување на диви депонии
  - Изградба на простори за депонии со систем за селекција и рециклажа
  - Зголемен инспекциски надзор и редовна екоедукација во училиштата
  - Засадување на зеленило и урбан уреден простор
  - Обезбедување канти за отпад за сите населени места.
- **Вода, канализација и чистота:**
  - Изградба и реконструкција на водоводни и канализациски мрежи во Лозово, Дорфулија, Каратманово, Косевери
  - Пречистителна станица за пивка вода и за фекални води
  - Подобрување на квалитетот на водата за пиење
  - Јавна транспарентност за водоснабдување и трошоци.
- **Млади и семејства:**
  - Нови зелени површини, спортски игралишта и урбани паркови
  - Поддршка на младински иницијативи и креативни простори
  - Модерна и квалитетна сигнализација и безбедни улици за децата
  - Реконструкција на основното училиште и амбулантата.
- **Инфраструктура и мобилност:**
  - Реконструкција и асфалтирање патишта и улици во сите села
  - Поврзување на патната мрежа с. Гуземелци – Кнежиќ
  - Изградба на пешачки и велосипедски патеки
  - Урбани автобуските постојки и обележување на јавен простор.
- **Пензионери и ранливи групи:**
  - Подобрување на пристапот до здравствени и социјални услуги



- Бесплатен превоз за пензионери
- Простори за социјализација, едукација и здравствена поддршка.

- **Јавни услуги и институционална транспарентност:**
  - Јавно објавување на буџети, тендери и седници
  - Електронски систем за пријави и предлози
  - Трансформирање на ЈКП „Лозово“ во ефикасно и опремено претпријатие
  - Воведување обновлива енергија и паметно улично осветлување.

Со овие мерки и политики, Лозово го претвораме во модерна, функционална и праведна општина – каде што секој има глас и место!

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Изградба на пречистителна станица за пивка вода

Во општината во сите населени места се пие вода од бунари изградени пред педесетина години, непречистена и со постојана заматеност и бактериолошка неисправна. Граѓаните се соочуваат со голем проблем во летниот период кога вода нема и ни за основните потреби во домаќинствата. Општина Лозово е вклучена во проектот „Злетовица" каде што по изградбата на пречистителната станица, како предуслов ќе бидеме вклучени во системот Злетовица, кој снабдува вода повеќе од 20 м3/с кој ја задоволува побарувачката за нашата општина. Владата на СДСМ во периодот до 2021 година во соработка со општината обезбеди нов проект за пречистителна станица, три базени, пристапен пат до станица и цевководи до Милино, Каратманово и Дорфулија, проектиран од ГЕИНК, а преку МЗШВ се обезбедени над 1.100 000.00 евра за реализација.

**Влијание на проектот:**

Со изградба на пречистителната станица за пивка вода ќе се реши трајно снабдувањето со чиста и пивка вода. Ќе има вода доволно за сите, вклучувајќи ги и стопанските субјекти.

**Целна група:**

Граѓаните на Општина Лозово

**Рок на реализација**

2025 - 2029

**Буџет**

1 100 000 евра

## Изградба на Брана во село Ѓуземелци

Ќе се изврши целосна реконструкција на браната во село Ѓузумелци, која била во функција до осумдесеттите години, која делумно ги задоволувала потребите на земјоделците од наводнување на земјоделските површини во околните места. Со реконструкцијата ќе се зголеми обемот на браната, а во продолжение ќе изградиме затворен систем за наводнување, со што ќе се стави целосна контрола на целиот систем за наводнување. Целта е да се задоволат потребите на земјоделците во сите околни села, а останува да се стави подрачјето околу браната за користење на хотелски и други туристички дејности, викенд-населба и изградба на мали хидроцентрали.

**Влијание на проектот:**

Со изградбата на браната ќе се реши проблемот со недостигот на вода за наводнување на земјоделските површини, но самата брана и подрачјето околу браната директно ќе влијае врз развој на туризмот, ловот и риболовот во општината, како и во развојот и унапредување на општината во искористување на капацитетите за селски туризам. Отвора можност општината да отвори јавно претпријатие за стопанисување со водните ресори.

**Целна група:**

Граѓаните на Општина Лозово

**Рок на реализација**

2025-2029

**Буџет**

2 500 000 евра

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ▪ Реконструкција на пречистителна станица за отпадни води

Приближувајќи се кон европските стандарди и волјата за зачувување на животната средина во општината, општината ќе изгради пречистителна станица за отпадни води. Се планира од сите населени места отпадната вода да се донесе во пречистителната станица во Лозово, во месноста Палаш. Регулирањето на отпадните води веќе е решено во сите населени места, нема населено место без канализациска мрежа. Станицата треба да биде напојувана со сопствени обновливи извори на енергија и нема да претставува тежина на јавното комунално претпријатие. Пречистителната станица отпадните води биолошки ќе ги третира, а ефлуентот од третманот ќе се испушта во Светиниколска Река. Капацитетот на станицата ќе ги задоволува сите населени места, вклучувајќи ги и производствените капацитети.

**Влијание на проектот:**

Потребата од изградба на пречистителната станица е оправдани поради брзата урбанизацијата на општината, изградбата на пречистителната станица за отпадни води значително ќе влијае и во подобрување на животната средина и здравјето на луѓето, ќе придонесе подрачјата околу и по текот на отпадните води да биде обновено и незагадено, а како предуслов ќе влијае и во развојот во нови инвестиции и во зголемување на производствени капацитети со еколошки чисти сертифицирани продукти.

**Целна група:**

Граѓаните на Општина Лозово

**Рок на реализација**

2025-2029

**Буџет**

1 500 000 евра

# ПРОЕКТИ

## Реконструкција на локален пат Лозово - Милино

Со реконструкцијата се предвидува проширување на локалниот пат во должина од 5 км, нов тампон и асфалт, нова вертикална и хоризонтална сигнализација, која ќе ги задоволува законските прописи. Исто така ќе се изврши и целосна реконструкција на четири мали моста по должината на патот, со што ќе се обезбеди нормалното одвивање на сообраќајот во двата правци. Ќе се регулира атмосферската вода во зелениот појас.

**Влијание на проектот:**
Со реконструкцијата и проширувањето на локалниот пат ќе се создадат услови за непречено и безбедно движење и на возилата и на пешаците. Сегашниот пат е целосно руинирани небезбеден. Со реконструкција на овој локален пат ќе придонесеме за безбеден сообраќај и поврзување со општина Свети Николе, која директно ќе влијае врз развојот на општината.

**Целна група:** Граѓаните на Општина Лозово

**Рок на реализација** 2025 – 2029

**Буџет** 850 000

## Реконструкција на локален пат с. Сарамзалино – с. Коселери

Проектот опфаќа реконструкција и проширување на локален пат во должина од 3 километри. Предвидени се активности за поставување нов тампонски слој, асфалтирање и целосна замена на вертикалната и хоризонталната сообраќајна сигнализација, согласно со законските прописи за безбедност во сообраќајот. Дополнително, ќе се изврши целосна реконструкција на четири мали моста долж трасата, со што ќе се обезбеди нормално и безбедно одвивање на сообраќајот во двата правци. Во рамки на проектот ќе се регулира и атмосферската одводна вода во зелениот појас, со цел подобрување на инфраструктурата и заштита на патната траса.

**Влијание на проектот:**
Со реконструкцијата и проширувањето на локалниот пат ќе се создадат услови за непречено и безбедно движење и на возилата и на пешаците. Сегашниот пат е целосно руиниран и небезбеден. Со реконструкција на овој локален пат ќе придонесеме за развој во ова населено место и услови за селски туризам, но и директно ќе влијае врз стопанскиот сектор, особено на фабриката за производство на градежни материјали, а граѓаните конечно ќе можат нормално и безбедно да се движат по неколку години. Проектот директно ќе влијае врз развојот и унапредувањето на нашата општина.

**Целна група:** Граѓаните на Општина Лозово

**Рок на реализација** 2025 - 2029

**Буџет** 600 000 евра

## Изградба на нова детска градинка во село Дорфулија

Со зголемување на бројот на деца во ова населено место се јави потребата за изградба на нова детска градинка во село Дорфулија. Проектот предвидува изградба на детска градинка со капацитет за 32 дечиња, со најсовремени модерни и европски стандарди. Жителите и на село Дорфулија и на село Каратманово ќе можат дечињата да ги носат во новата детска градинка во Дорфулија со престој до 17:00 часот. Проектот предвидува енергетска ефикасност на објектот со самостоен систем на обновливи извори на енергија.

**Влијание на проектот:**
Со изградбата на новата детска градинка, родителите веќе ќе немаат потреба со возила од Дорфулија до Лозово секојдневно да ги носат дечињата. Ќе им се овозможи да ги имаат истите услуги, а ќе им се скрати времето поминато по патиштата. Жителите од село Каратманово ќе можат дечињата да ги носат исто така во Дорфулија, кое е во непосредна близина.

**Целна група:** Граѓаните на Општина Лозово

**Рок на реализација**: 2025 - 2029

**Буџет:** 250 000 евра

## Изградба на ново училиште во село Милино

Изградбата на ново училиште предвидува целосна реконструкција на старото училиште, кое е старо повеќе од 70 години. Ќе се гради по сите европски стандарди. Училиштето ќе биде модерно и урбано со сите образовни помагала, а учениците ќе ги имаат сите услови за нормално одвивање на наставата, а училиштето ќе биде еколошки независно со вградени системи на обновливи извори на енергија.

Дополнително во рамките на училиштето ќе се изгради мини спортска сала, учениците ќе можат за првпат во затворен простор да спортуваат и физички и здраво да се надградуваат.

**Влијание на проектот:**
Со изградбата на ново училиште во село Милино, значително ќе ги подобриме условите на учениците во образовниот систем. Моментално учениците немаат никакви услови, училиштето е старо повеќе од 70 години и претставува историски музеј. Со изградбата ќе се доближиме до европските вредности на секој ученик, учениците ќе имаат модерно и современо училиште.

**Целна група:** Граѓаните на Општина Лозово

**Рок на реализација**: 2025 - 2029

**Буџет:** 250 000 евра

# Изградба на ново училиште во село Дорфулија со мини спортска сала

Изградбата на ново училиште предвидува тотална реконструкција на старото училиште, кое во секој момент може да предизвика катастрофа. Ќе се гради по сите европски стандарди. Истиот проект како во село Милино. Училиштето ќе биде модерно и урбано со сите образовни помагала, а учениците ќе ги имаат сите услови за нормално одвивање на наставата, а училиштето ќе биде еколошки независно со вградени системи на обновливи извори на енергија. Дополнително во рамките на училиштето ќе се изгради мини спортска сала, учениците ќе можат за првпат во затворен простор да спортуваат и физички и здраво да се надградуваат.

## Влијание на проектот:

Со изградбата на ново училиште во село Дорфулија, значително ќе ги подобриме условите на учениците во образовниот систем. Моментално учениците немаат никакви услови, училиштето е старо повеќе од 70 години и претставува историски музеј. Со изградбата ќе се доближиме до европските вредности на секој ученик, учениците ќе имаат модерно и современо училиште.

## Целна група:

Граѓаните на Општина Лозово

## Рок на реализација

2025 - 2029

**СЕ БОРИМЕ**
**ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

## „Дорфулија“

- Ново училиште
- Нова детска градинка
- Нов мост пред селото (кај гробиштата)
- Да ги подобриме погребалните услуги да изградиме капела
- Реконструкција на патот за Бекерлија-домот на Атиџе

## „Милино“

- Изградба на урбанистички план за викенд-населба
- Подобрување на погребалните услуги и изградба на капела
- Асфалтирање на другите улици

## „Капарманово“

- Кружен тек на сретсело
- Изградба на дом на месната заедница
- Изградба на автобуски стојалишта
- Подобрување на погребалните услуги, изградба на капела
- Асфалтирање на другите улици ви селото

## „Сарамзалино“

- Реконструкција на зелениот пазар
- Асфалтирање на главната улица II фаза
- Реконструкција на подрачното училиште
- Подобрување на погребалните услуги, изградба на капела
- Нов бунар за пивка вода

## „Ѓуземелци“

- Изградба на локален пат с. Ѓуземелци - с. Кнежје
- Изградба на брана
- Изградба на викенд-населба

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА